НАРОДНА БАНКА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BANKA POPULLORE
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ / SHKUP

| Примено: Pranuar: | 29 -05- 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org: | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 02 | 19340/1 | | |

**ДО: НАРОДНА БАНКА НА Р.С. М.**

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Народна Банка како надзорен орган над работата на Банките ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Имајќи во предвид дека клиентите на Банките се должни редовно, а најмалку еднаш на 2 години да ги ажурираат податоците во системот на банките, **дали постои законска можност за готовинска уплата на парични средства на шалтер во банка** на денарска или девизна сметка која **НЕ Е АЖУРИРАНА** во период подолг од законски предвидениот – (порано од 2 години, а сега од 3 години) или клиентот мора прво да ја ажурира таа сметка?

2. Во пракса, шалтерските работници во банките **НЕ ДОЗВОЛУВААТ УПЛАТА НА НЕ АЖУРИРАНА денарска или девизна сметка** со објаснување дека тоа е предвидено согласно позитивните законски прописи на Народна Банка на Р.С.М. како одговорна инситуција за регулативата и супревизијата на банките, како и поради спречување на перење на пари и финансирање на теророзам.

3. Доколку горенаведената готовинска уплата на шалтер во банка на денарска или девизна сметка која **НЕ Е АЖУРИРАНА** во период подолг од законски предвидениот (ажурирање најмалку еднаш на 2 или 3 години) **НЕ Е ДОЗВОЛЕНА,** барам информација врз основа на кој членови од Закон, Одлуки, Упатства **(на пример:** Закон за НБРМ, Закон за Банките, Закон за Платниот Промет, Закон за Платежни Услуги и Платежни Системи, Закон за Спречување Перење на Пари и Фининсирање на Тероризам, итн**).**

Информацијата Ве замолувам да ми биде доставена во писмена форма преку пошта, во законски предвидениот рок, на следната адреса : ул. Димитрије Чуповски бр.1а-3/7 Скопје.

**БАРАТЕЛ**

**Тел. За контакт: 071/292-536**

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.05.2019 година), секретарот на банката, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер на 12 јуни 2023 година донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот лија Дим примено во Народната банка на Република Северна Македонија преку Архивата на Народната банка на 29 мај 2023 година со број 02-19340/1, се ОДОБРУВА.

2.Во врска со бараните податоци, барателот се известува за следното:

Клиентите немаат право да извршуваат трансакции вклучувајќи и уплата на готовина на својата платежна сметка, доколку не ги ажурирале документите и податоците за своите сметки. Оваа ограничување не произлегува од подзаконски акти на Народната банка, туку од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/2022).

Во член 15 став 1 точка д) од Законот е наведено дека анализата на клиентот вклучува постојано следење на деловниот однос.

Во рамките на постојаното следење на деловниот однос, согласно одредбите од член 37 став 2 од Законот, субјектот е должен да врши редовна проверка и ажурирање на документите и податоците за клиентите, вистинските сопственици и ризичниот профил на клиентите со кои има воспоставено деловен однос.

Во член 46 став 1 точка 4 од Законот е наведено дека кога не може да ги спроведе мерките за анализа на клиентот, субјектот е должен да не изврши трансакција во рамки на воспоставен деловен однос, до моментот на спроведувањето на мерките за анализа на клиентот.

Со оглед на тоа што ажурирањето на документите и податоците за клиентот се врши во рамките на постојаното следење на деловниот однос, односно претставува еден од сегментите на анализата на клиентот, банките се должни да постапуваат во согласност со одредбите од член 46 став 1 точка 4 од Законот и да не дозволуваат извршување на трансакции од страна на клиентите во случај кога нивните документи и податоци не се ажурирани.

## Образложение

На 29 мај 2023 година од страна на доставено е Барање на информации од Народната банка на Република Северна Македонија, со кое барателот бара податоци дали постои законска можност за готовинска уплата на парични средства на шалтер во банка на денарска или девизна сметка која не е ажурирана и врз основа на кој член од Закон, Одлука, Упатства е предвидена забрана за готовинска уплата за сметка која не е ажурирана.

Имајќи предвид дека бараните податоци претставуваат информации од јавен карактер со кои Народната банка на Република Северна Македонија располага, на барателот му се доставуваат бараните податоци.

Со оглед на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр.02-19340/2
12 јуни 2023 година

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

**Правна поука**: Незадоволниот барател има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.